Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022
2023

# Извадок на дел од дневните настани 09.11.2023

Полициски службеници на СВР Тетово-Одделение за внатрешни работи Гостивар, вчера (8 ноември) во гостиварско Чајле го привеле 32-годишниот Н.Д. од гостиварско Чегране. Тој бил баран со централна потерница врз основа на судска наредба за издржување затворска казна. Лицето било спроведено во Казнено-поправната установа Затвор Тетово за издржување на казната.

На 08.11.2023 во 16.15 часот, полициски службеници од СВР Скопје на подрачјето на Драчево го лишиле од слобода А.П.(28) од Скопје поради постоење основи на сомнение дека во домот со остар предмет го убил својот татко Б.П.(75) од Скопје. Смртт констатирал лекар од Итна медицинска помош. По документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (08.11.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 220 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 21 санкција, 26 мерки за возење без возачка дозвола, 22 мерки за неносење на сигурносен појас. Изречени се 12 мерки за користење мобилен телефон при возење, пет мерки за технички неисправни и нерегистрирани возила, четири санкции за минување на затворен сигнал (црвено светло), три санкции за возач почетник...

Во рамките на акциска контрола на возилата кои вршат јавен превоз на патници спроведена вчера (8 ноември) од 06.00 до 11.00 часот, на улица „Маршал Тито" Тетово било запрено и санкционирано патничко моторно возило „мерцедес" со тетовски регистарски ознаки, кое без потребните документи го управувал 62-годишниот С.Р. од тетовско Горно Палчиште. На С.Р. ќе му биде изготвен поднесок по член 284-а од Кривичниот законик. Покрај ова, со соодветни поднесоци биле заокружени и 9 (ТЕ) други видови сообраќајни прекршоци.

На 08.11.2023 во 09.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул.„Митрополит Теодосиј Гологанов" во Скопје се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко моторно возило „цитроен ксара" со кочански регистарски ознаки, управувано од С.О.(55) од Кочани и патничко моторно возило „цитроен берлинго" со скопски регистарски ознаки, управувано од З.К.(62) од Скопје. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил З.К. констатирани во Градската општа болница „8 Септември". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 08.11.2023 во 21.20 часот во Полициската станица Аеродром, Д.Т.(24) од Скопје пријавил дека на бул.„Јане Сандански" бил каснат од куче скитник.

Криминалистичката полиција на СВР Битола поднесе кривична пријава против Д.А.(38) и М.О.(34), двајцата од Битола, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични droги, психотропни супстанци и прекурзори". Тие се сомничат дека на 16.03.2023 од фабрика за производство на канабис за медицински цели во с.Кравари, битолско, во која првопријавениот бил управител, со патничко возило изнеле марихуана. При извршен претрес во фабриката, пак, било констатирано дека во сефот имало вреќи со вкупно 70 килограми марихуана со различна тежина.

На 09.11.2023 во 08.30 часот полициски службеници во место викано „Линако", атар на Берово, го лишиле од слобода О.К.(33) од Берово. Според пријавеното, околу 02.00 часот во семејната куќа на Д.Т.(67) и Д.Т.(41) во Берово, татко и син, поради нерасчистени должничко - доверителски односи, О.К.(33) и Б.К.(30) со употреба на сила влегле и физички го нападнале синот, при што употребиле остар предмет, а таткото го однеле со возило. Полициски службеници по преземени мерки и активности го пронашле Д.Т.(67). Извршен е увид, запознат е јавен обвинител и по целосно расчистување и документирање ќе биде поднесен соодветен поднесок.

Денеска (09.11.2023) полициски службеници од СВР Скопје го привеле М.К.(30) откако денеска во 13.55 часот било пријавено дека се обидел со закана со пиштол да изврши разбојништво во филијала на банка во трговски центар на подрачје на општина Аеродром, но не успеал во намерата и се дал во бегство. Веднаш по добиената пријава, преземени се мерки и активности и М.К. е пронајден и лишен од слобода.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Ресен поднесе кривична пријава против Т.Н.(25) од Ресен, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „насилство". На 05.11.2023, пријавениот упатил закани кон А.К. и го оштетил неговото возило.

На 08.11.2023 во 20.30 часот во СВР Скопје, М.Т.(21) од Скопје пријавил дека околу 17.30 часот во близина на угостителски објект на подрачјето на Карпош, по претходно недоразбирање, бил физички нападнат од Н.А.(27) од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

Регионален центар за гранични работи Исток поднесе кривична пријава против А.Г.(67) од с.Русиново, беровско, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „кражба". На 15.07.2023 на место викано „Губенек" - Берово, пријавениот бил затекнат како товари нежигосани огревни дрва на рачно изработена тракторска приколка.

Денеска (09.11.2023) во 06.00 часот во СВР Скопје, С.К.(27) од Скопје пријавил дека околу 04.40 часот во казино на подрачјето на Карпош бил физички нападнат од две лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Битола поднесе кривична пријава против М.Р.(29) од Прилеп, поради сомнение за сторено кривично дело „тешка телесна повреда". На 13.10.2023 година во 21.30 часот во угостителски објект во Прилеп, пријавениот физички го нападнал Р.К. и му нанел тешка телесна повреда.

На 08.11.2023 во 18.00 часот во СВР Скопје, И.Т.(43) од Скопје - возач на автобус на ЈСП, пријавил дека околу 14.45 часот на автобуска постојка на подрачјето на Гази Баба, поради недоразбирање во сообраќајот, бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Струга до ОЈО Струга поднесе кривична против В.Т.(24) од Охрид, поради основано сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". На 14.09.2023 година во Струга кај пријавениот бил пронајден кокаин.

На 07.11.2023 во 17.45 часот во СВР Скопје, 32 - годишна жена пријавила дека на подрачјето на Чаир била физички нападната од нејзиното момче М.Ш.(33) од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

СВР Битола поднесе кривична пријава против Д.Т.(32) од Прилеп, поради сомнение за сторено кривично дело ,,загрозување на сигурноста" при семејно насилство. На 19.10.2023 во Прилеп, пријавениот во домот на родителите на неговата сопруга им упатил закани, при што со себе носел пиштол. Од страна на полициски службеници бил извршен претрес во неговиот дом и пиштолот му бил одземен.

На 08.11.2023 во 22.00 часот во Полициското одделение Шуто Оризари, Х.Ј.(58) од Скопје пријавила дека од домот се оддалечила нејзината малолетна внука Л.Ј.(15). Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Ѓ.С.(36) од Тетово, поради сомнение за сторено кривично дело „загрозување со опасно орудие при тепачка или караница". На 16.04.2023 година во угостителски објект во Тетово, пријавениот со остар предмет му се заканил на И.Ч. од Тетово.

На 09.11.2023 во СВР Скопје, Т.И.(45) од Скопје пријавила дека на 06.11.2023 околу 15.00 часот на фудбалско игралиште на подрачјето на Карпош нејзиниот малолетен син бил физички нападнат од друг малолетник. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Делчево поднесе кривична пријава против М.Ц.(44) од Делчево, поради сомнение за сторено кривично дело „спречување на службено лице во вршење на службено дејствие". На 27.10.2023 година во Делчево, пријавениот со употреба на сила и закани ги спречил полициските службеници во вршење на службено дејствие.

СВР Битола поднесе кривична пријава против А.З.(28) од Германија, со привремен престој во с.Лажани, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „фалсификување исправа". Пријавениот во април 2022 година изработил фалсификувана возачка дозвола за положени категории „АМ" и „Б" и ги употребил во Сојузна Република Германија како вистински за добивање на германска возачка дозвола.



Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет